Книгата претставува научна монографија посветена на Михаил Бахтин и неговиот концепт на дијалогизам. Воведниот дел го прецизира опусот на овој автор, со коментар на некои дилеми околу авторството на одделни дела, како и со преглед на корелации на Бахтиновата мисла со позначајните книжевнотеориски школи. Теориско-методолошките начела на Бахтин во оваа студија се разгледуваат на три нивоа: јазично, книжевно и ниво на културата во целост. Во првиот дел посветен на јазичната проблематика, попрецизно се толкуваат релациите: исказ-реченица, говор-јазик и металингвистика-лингвистика, како и проблемите на говорната интеракција, односно дијалогот, туѓиот говор, двогласниот говор и говорните жанри. Вториот дел се задржува врз три проблемски подрачја: сфаќањето на Бахтин на науката за литературата како естетика на јазичното творештво; потоа, неговата теорија на романот и неговиот придонес во инаугурирањети и развивањето на историската поетика. Во култиролошкиот сегмент се разгледуваат нијансите во поимањето на интерсубјективноста и интертекстуалноста и сфаќањата на Бахтин за местото и улогата на книжевната наука во општо-хуманистичката сфера.




**ТРОЈЦА КРУЖОЧНИЦИ - Васил Тоциновски**
Институт за македонска литература
при Филолошки факултет
„Блаже Конески“ и Култура, Скопје,1997
Димензии 20см
Број на страници 252
ISBN 9989-32-092-6

Во книгата се поместени три студии за Ѓорѓи Абаџиев, Асен Шурдов-Ведров и Антон Великов-Беломорски, членови на Македонскиот литературен кружок во Софија (1938-1941). Низ нови архивски истражувања испишани се првите монографии за тројцата автори кои создаваа и се формираа во блескотното поглавје во македонската литература (Шурдов и Великов) кои и првпат се приопштуваат во македонската книжевност, а за Абаџиев е проследен непознатиот период од неговите животни и творечки врвици до 1948 година, кога и се враќа во Македонија. Трите монографски студии го заокружуваат творечкиот авторски дел на Кружокот, кој оствари трајни книжевни резултати во конституирањето и афирмацијата на современата македонска литература.



**ТРАВЕСТИЈА НА УСНАТА ИСТОРИЈА - РАСКАЖУВАЧКИОТ КРИПТОГРАМ НА ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ**
**Наташа Аврамовска**
Институт за македонска литература и Менора, Скопје,1999
Димензии 24см
Број на страници 254
ISBN 9989-632-48-0

Проследувањето на раскажувачкиот опус на Андреевски е комбинација на две противставености, една жанровска (новела/роман), друга модална (усност/писменост), кои не се поистоветуваат туку едната на другата се надодредуваат. Жанровите тука се појмени како функционални единства кои му се приспособуваат на динамичниот состав на разлики та оттука овозможуваат делотворна примена на посструктуралистичкиот поим на рамката/врамувањето. Основната теза е дека романите на Андреевски настануваат со разработка на новелистичката рамка на збирките та со наслојување и уверижување на нивните исказни инстанци. Новата теза е дека усноста во романите не треба да се бара толку во нивниот говор колку во нивната структура, та анализата со неуморно надодредување на рамката ја устоличува техниката на усното предание, каде на авторскиот субјект малку-помалку му се брише трагата. Притоа се истражува и улогата на изреката или поговорката во мисе-ен-абиме структурацијата на романот. Во светлото на уснокултурната кодираност на романескните структури се утврдува и специфичноста на македонскиот историски роман.




**КАЛВИНО И СКАЗНАТА - Анастасија Ѓурчинова**
Институт за македонска литература и Култура, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 130
ISBN 9989-32-131-0

Книгата во основа е адаптирана верзија на магистерскиот труд на авторката, одбранет на Филолошкиот факултет во Белград 1992 година, збогатен со неколку нови поглавја за потребите на ова издание. Во него е разработена темата за интересот на современиот италијански писател Итало Калвино за жанрот на народната сказна и начинот на кој сказната потоа се препознава во богатата и разновидна раскажувачка постапка на овој автор. Утврдени се четири начини на транспозиција на сказната и нејзината специфична наративна структура во расказите и романите на Калвино: како чудесна приказна за човековите искушенија, под превезот на алегоријата и филозофијата, во светлина на науката и научната фантастика и како основа за авторовата „ars combinatoria".




**МАКЕДОНСКА НАРОДНА ЛИРИКА (II дел) -**
**Марко Китевски**
Институт за македонска литература и Култура, Скопје, 2000
Димензии 21см
Број на страници 231
ISBN 9989-32-165-5

Во книгата се застапени истражувања на другите македонски лирски народни песни: митолошки, трудови, семејни, песни за деца, хумористично-сатирични, и љубовни песни.




**СТУДИИ ОД МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР**
**Искра Николовска-Нејашмиќ**
Институт за македонска литература и Култура, Скопје, 2000
Димензии 21см
Број на страници 214
ISBN 9989-32-164-7

Книгата на Искра Николовска - Нејашмиќ ( 1963 - 1995) содржи трудови работени во рамките на проектите на Институтот: Проблемот на класификацијата на македонските народни приказни во рамките на современите светски фолклористичко-истражувачки хоризонти; Реалистичната приказна во зборникот на Кузман Шапкарев (I); Македонската народна приказна во зборникот на Кузман Шапкарев (II дел); Македонската реалистична приказна и другите прозни видови и кратки фолклорни жанрови; Транспонирање на поетски во прозен текст во македонската народна литература; Библиографија на фолклористички единици во македонската периодика (1946-1970). Станува збор за помалку истражувани подрачја од македонското народно творештво.




**ЛИТЕРАТУРНИ СТУДИИ - Веле Смилевски**
Институт за македонска литература и Култура, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 210
ISBN 9989-32-173-6

Во книгата предмет на интересирање се делата на три крупни фигури на современата македонска литература: Блаже Конески, Петре М. Андреевски и Горан Стефановски. Во првиот дел авторот пишува за есеите на Блаже Конески кои до сега во науката не беа предмет на изделено и поопстојно разгледување. Со оглед на тоа дека станува збор за писател чиј развој е еквивалентен на неколку значајни и неодминливи фази во развојот на современата македонска литература, но и за литературознаец и мислител со длабоки проникнувања во литературната историја и теорија, дејноста на Блаже Конески во овој домен добива многу поширока димензија и клучно место по низа суштински прашања. Во вториот дел на научен третман се подложени поетското и романескното дело на Петре М. Андреевски. Предмет на анализа се стихозбирките „И на небо и на земја“, „Деницијa“, „Дални наковални“ и „Пофалби и поплаки“, како и романите „Пиреј“ и „Скакулци“. Во третиот дел, посветен на драмското творештво на Горан Стефановски, авторот на овој научен труд се задржува на драмите: „Јане Задрогаз“, „Диво месо“, „Лет во место“, „Hi - Fi“, „Дупло дно“, „Тетовирани души“, „Црна дупка“, „Лонг плеј“ и „Кула Вавилонска“.




**БАЈКА НА ЖИВОТОТ (македонската книжевност за деца и младина во периодот меѓу двете светски војни)**
**Јованка Стојановска-Друговац**
Институт за македонска литература и Култура, Скопје, 2000
Димензии 21см
Број на страници 173
ISBN 9989-32-169-8

„Нов, студиозен, научно истражувачки труд, посветен на, речиси, сите позначајни, поважни претставници на оваа составка на македонската литературна историја. Монографскиот осврт на вкупно 18 најистакнати претставници на македонската литература за деца и младина, почнувајќи од творештвото на најстарите двајца претставници на оваа литература кај Македонците - Ј. Х. Цинот преку драмскиот израз и Г. Прличев преку стихот па низ соодветните творби од М. Цепенков, Е. Спространов, Т. С. Брадина, Н. К. Мајски, В. Иљоски, Н. Ј. Вапцаров, Р. Петковски, В. И. Илиќ, А. Крстиќ, М. Богоевски,Б. Бојаџиски, В. Николески, В. Куноски, Н. Зекманова, В. Наумчевски и С. Јаневски дава различни по обем осврти, третмани што се заедно претставува драгоцен, функционален, инструктивен преглед на тие достојни страници од летописот на македонската подалечна и поблиска книжевна историја.“ (проф.д-р Томе Саздов)




**СРЕДНОВЕКОВНИ КНИЖЕВНИ ЖАНРИ**
**Вера Стојчевска-Антиќ, Добрила Миловска и Маја Јакимовска-Тошиќ**
Институт за македонска литература и Култура, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 257
ISBN 9989-32-167-1

Книгата претставува резултат од проектот Средновековни жанри во средновековната македонска литература (1995-1997). Во изданието се јавуваат тројца автори: Вера Стојчевска-Антиќ со поднасловот: „Кон беседите на Свети Климент Охридски, Добрила Миловска со „Средновековни раскази“ и Маја Јакимовска-Тошиќ со темата „Историско-книжевните творби во македонското средновековие“. Авторите обработуваат еден сегмент од средновековната жанровска разновидност, која бара перманентни истражувања и претставувања. Трите претставени тематски подрачја покажуваат блиски врски и влијанија со византиската средновековна книжевност, која уште со почетоците од развојот на словенската писменост и книжевност одиграла значајна улога во формирањето на однегуван книжевен стил и пристап кај првата генерација словенски дејци.




**МИТОЛОГИЈА НА ЈАБОЛКОТО И ПРСТЕНОТ -**
**Ленка Татаровска**
Институт за македонска литература и Менора, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 256
ISBN 9989-632-78-2
Цена 300,00 ден.

Научните истржувања во оваа книга се посветени на архетипските симболи: јаболкото и прстенот чија моќ сé уште е делотворна и ги задоволува човечкиот дух, интелект и емоции. Станува збор за традициски и живи симболи неопходни на човечкиот ум. Проследени во македонското усно творештво, тие откриваат праелементарни суштински проблеми на една пространа област од можности која непрестајно се шири и допира до првобитниот обреден синкретизам. Преку артикулацијата на зборот на народниот гениј, овие симболи раскриваат една основа на митско-симболичната поетика во која доминира хармонијата на мерки и пропорции. Имено, симболите јаболко и прстен видени низ окото на митската психологија, допираат длабоко во идејата за природно убавото, градејќи ја на специфичен начин, заедно со другите елементи, естетската концепција на македонскиот фолклор.




**ПРОНИКНУВАЊА НА ТРАДИЦИЈАТА И КОНТИНУИТЕТОТ -**
**Илија Велев**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 17см
Број на страници 252
ISBN 9989-886-12-1
Цена 300,00 ден.

Книга со студии за средновековната македонска книжевност и за култните интроспекции на духовната, фолклорната и на книжевната традиција. Поголемиот број студии го разоткрива проникнувањето на континуитетот и традицијата со воведниот прилог за македонската средновековна книжевност наспрема другите книжевности, каде што се актуелизира критериумот за национално определување на книжевните истории. Другите студии ја осведочуваат традицијата со истражувањата за причината што го навела Црноризец Храбар да го напише трактатот За буквите, го произнесуваат континуитетот на книжевниот развој, ја сообразуваат традицијата и континуитетот преку проследувањето на книжевноста од XIII до XVIII век, а ја просветлуваат и култната интроспекција како меморија и творечка перспектива.




**ОГЛЕДАЛО НА ДИСКУРСОТ -**
**Лорета Георгиевска Јаковлева**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 188
ISBN 9989-886-05-9
Цена 300,00 ден.

Книгата опфаќа три студии: „Гледната точка и македонскиот роман“ (1952-1960) која преку дескрипција на романсиерската продукција во посочениот период, издвојува два модели на односи (на идеолошки, фразеолошки, просторно-временски, психолошки план и од прагматички аспект) кои се појавуваат на ниво на гледната точка, а кои се карактеристични за развојот на романот во Македонија како жанр во периодот на неговото појавување. Приодот во студите „Романите на Живко Чинго“ и „Композицијата на романите на Владо Малески“ е херменевтички, а предмет на анализа се романите: *Големата вода* , *Ал и Бабацан* (Чинго) и *Она што беше небо, Разбој* и *Записите на Езерко Дримски.*




**АНТОН ПОП СТОИЛОВ МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ**
**Марко Китевски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 24см
Број на страници 230
ISBN 9989-886-22-9
Цена 300,00 ден.
На почетокот од книгата е објавен текст за местото на Антон

Поп Стоилов меѓу собирачите на македонските народни умотворби. Потоа се објавени македонските народни умотворби што тој ги запишал и ги објавил во весници, списанија, пригодни поубликации и сл. (Сборник за народни умотворениja, Периодическо списание, Известија на народниот етнографски музеј во Софија, Книжици за прочит, Новини и др.). Зборникот содржи народни песни, приказни, детски игри, пословици, гатанки, баења, верувања и суеверија, обичаи и др. од Битолско, Велешко, Горноџумајско, Корчанско, Костурско, Крушово, Кукуш, Леринско, Малешевско, Мариовско, Мелничко, Неврокопско, Прилеп, Разлошко, Светиврачко, Серско, Скопје, Штип и др. места.




**МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕДАНИЈА ЗА МЕСТА**
**Валентина Миронска Христовска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 21см
Број на страници 193
ISBN 9989-886-13-H
Цена 300,00 ден.

Проследени се проучувањата за преданијата, посебно за преданијата за места. Во одделни поглавја нотирана е собирачката дејност на К. Шапкарев и на М. Цепенков, со посебен осврт на преданијата за места во нивните Зборници. Следуваат поглавја со: преглед на застапеноста на преданијата за места во фондот на македонската народна проза; жанровските специфики: да разјаснат (како настанало некое место), да објаснат (зошто бил изграден некој објект). За раскажувањето карактеристична е субјективноста. Композицијата на преданијата е слободна, со можност за импровизација, а забележана е и нивната карактеристика за контаминацијата. Од проследените преданија произлегува нивната класификација и карактеристичните ликови и мотивите во нив. Во претпоследното и последното поглавје следуваат оценки за фолклористичките вредности на македонските преданијата за места, како и за нивната врска со уметничката литература. Следува и прилог од 23 досега не забележани преданија за места од Западна Македонија.




**ЛИЦЕ И ОПАЧИНА - Јасмина Мојсиева Гушева**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 208
ISBN 9989-886-06-7
Цена 300,00 ден.

Вредноста на овие есеи пред сé е содржана во нивната епистемолошка свежина, во нивната феноменолошка перспектива, во живото - академски нескротливо - љубопитство, кон литературата да се пристапува не само како изделен предмет, туку обратно - во и преку литературата да се тргне кон онтолошките предизвици на човечкото постоење, кон искон-

скиот немир (симболизиран во двосмислениот симбол на змијата), кон архетипската подвоеност на човекот помеѓу небото и земјата, помеѓу бога и себеси. Отаде и гневот, отаде и моќта на погледот - отаде сето духовно и сето истражувачко неспокојство, кое копнее кон отворање и посегање по непознатото, наместо стерилно дремење во епистемиолошката мемла. Книгата ги обединува лицето и опачината на секој од феномените обработувани во неа, оттаму и нејзиниот наслов.




**ОКТОИХОТ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА ТРАДИЦИЈА**
**Ѓорги Поп Атанасов**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 24см
Број на страници 180
ISBN 9989-886-15-6
Цена 300,00 ден.

Во трудот се разгледува проблемот околу старословенскиот превод на Октоихот и неговото ширење во македонската книжевна традиција. Разгледани се повеќе македонски октоиси, пред сé од староизводен тип, кои што настанале најдоцна до средината на XIV век. Проучени се структурата и особеностите на Октоихот, со посебен акцент на преводите и химнографските текстови како и на оригиналните химнографски творби, чиј што автор е Климент Охридски.




**ПОСТМОДЕРЕН ВАВИЛОН - Александар Прокопиев**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 20см
Број на страници 205
ISBN 9989-886-04-0
Цена 300,00 ден.

Предмет на оваа збирка есеи претставува едно провокативно и актуелно книжевно рамниште како во книжевната практика, така и во теоријата на литературата - постмодерната и постмодернизмот. Книгата е поделена на три дела: македонска постмодерна проза; творештвото на Ацо Шопов и литературата во времето на Интернет. Преку најсоодветен и методолошки оправдан пристап ги разоткрива особеностите, поетичките можности и меѓусебните влијанија на македонската и светската постмодерна литература.

**ЕСЕИ - Веле Смилевски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 21см
Број на страници 163
ISBN 9989-886-14-8
Цена 300,00 ден.

Предмет на оваа книга е есејот како книжевене жанр, виден од теориски аспект, од една страна, и од друга - неговата прак-




тична примена во толкувањето на книжевните светови на истакнати македонски писатели. Првиот аспект е присутен во воведниот прилог со наслов *Есеј* за есејот во кој спецификите на овој книжевен вид се третираат како постојан копнеж по систем. На овие размисли се надоврзуваат и двата наредни прилога: „Искушенија и дилеми при толкувањето и Јазикот што памети и сонува“. Во вториот дел книгата донесува есеи за поетското творештво на Славко Јаневски, Блаже Конески, Матеја Матевски, Гане Тодоровски, Петар Т. Бошковски. Во посебен прилог на книгата е објавена статијата Можностите на есејот или меѓу научната студија и арс-поетичкиот модел.




**ЦАРСТВОТО НА ЗБОРОТ - Јованка Стојановска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 20 см
Број на страници 212
ISBN 9989-886-18-0
Цена 300,00 ден.

Монографскиот труд е првиот труд кој интегрално научно го проследува свекупното творештво на Јован Д. Костовски, редактор, етнограф, поет, раскажувач, драмски писател, театарски критичар, новинар, преведувач. По прегледот на животот на Костовски во трудот е претставено неговото поетско дело (објавени и необјавени песни), прозното дело (објавени и необјавени раскази), драмските текстови, драматизациите, репортажите (објавени и необјавени), преводи од оставнината, театарската критика, театарот за деца, ликовната критика.




**НАРОДНА РИЗНИЦА - Ленка Татаровска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 24см
Број на страници 247
ISBN 9989-886-20-2
Цена 300,00 ден.

Книгата содржински се состои од два дела. Првиот е теориски, насловен како „Магијата на обредот“, а вториот е историски и е претставен под наслов „Нижачи на бисери“. Од првиот дел ја посочуваме студијата посветена на митот за космичката хиерогамија, кој како модел за човечкото однесување во светот на природата, се мисли дека е постар дури од орфизмот. Во прашање се светите митски свадби и старите народни антропоморфни сфаќања за светот. Истражувањето Трансформации на обредните структури е посветено на реконструкција на обредните реликти сврзани со естетиката на македонското народно творештво и сл. Вториот дел од книгата содржи истражувања од областа на историјата на македонскиот фолклор и ги претставува помалку познатите македонски фолклористи: Јанаки Стрезов и браќата Костенцеви.




**ВОЗБУДА ПО ЗБОРОТ - Васил Тоциновски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2000
Димензии 21см
Број на страници 316
ISBN 9989-886-08-3
Цена 300,00 ден.

Книгата содржи 16 книжевно-историски студии посветени на одделни членови, пројави и движења во рамките на Македонскиот литературен кружок во Софија. Текстовите низ нови архивски истражувања разоткриваат непознати страници од животот и делото на Никола Вапцаров, Антон Попов, Михаил Сматракалев, Антон Великов, Иван Керезиев и Димитар Митрев. Како традиција и континуитет во организираното дејствување на македонските писатели, авторот меѓу другото, третира и некои книжевни теми какви што се ајдутските и комитските мотиви во поезијата на кружочниците, потоа за првата стихозбирка *Бура над родината* на Жаров како повод за книжевна конфронтација, односите и влијанијата од руската литература, дводомноста како едно од најактуелните книжевни прашања и како назнака на опстојбата и резултатите на Македонскиот литературен кружок.




**ЗАПИСИ И НАТПИСИ ОД ЛЕСНОВСКИОТ КНИЖЕВЕН ЦЕНТАР**
**Илија Велев**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 24см
Број на страници 120
ISBN 9989-886-31-8
Цена 300,00 ден.

Објавување на изворна граѓа во монографско претставување како последователност на авторовите истражувања за Лесновскиот книжевен центар, од кои произлегои двете погоре монографски изданија. Токму овој изворен материјал беше фундаментот врз кој главно се потпираа истражувачките констатации во разрешувањето на бројните прашања за континуитетот и традицијата на Лесновскиот книжевен центар. Еден дел од записите и натписите се објавувани во старата научна литература, но овде се групираат на едно место и се вршат извесни поправки на пројавените грешки. Истовремено, во изданиево се објавува и таков изворен материјал што овде за првпат се презентира пред научната јавност. Со оваа книга авторот врши заокружување на издавачката целина на трилогијата за Лесновскиот книжевен центар.




**ФАНТАСТИКАТА И МАКЕДОНСКИОТ РОМАН**
**Лорета Георгиевска Јаковлева**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 20см
Број на страници 205
ISBN 9989-886-16-4
Цена 300,00 ден.

Книгата донесува нови сознанија во откривањето на природата на фантастиката, нејзините дистинктивни својства, како и заемните својства што таа ги воспоставува со алегоријата и гротеската. За таа цел е воведен терминот „тип уметничко претставување“ како теоретска алатка за објаснување на хибридизацијата меѓу овие три категории. Посебно се разгледуваат: спецификите на фантастичниот тип уметничко претставување, како и фантастичниот тип уметничко претставување каде алегоријата учествува како постапка и фантастичниот тип уметничко претставување каде гротеската учествува како постапка. Теоретските сознанија се практично применети врз конкретен материјал ексцерпиран од македонската ромасиерска продукција.




**ИТАЛИЈАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА**
**Анастасија Ѓурчинова**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 21см
Број на страници 344
ISBN 9989-851-26-3
Цена 300,00 ден.

Станува збор за адаптирана верзија на докторската дисертација на авторката, одбранета на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје 2000 година. Во ова издание се иземени неколку поглавја од дисертацијата, кои ќе бидат објавени во друга пригода. Во книгава се следи рецепцијата на италијанската литература во Македонија во текот на две столетија: низ 19 и 20 век, преку согледување на преводната литература, интересот за италијански автори кај македонските писатели и критичари, присуството на италијански автори на македонските театарски сцени и сл. Интензитетот на рецепцијата варира во одделни периоди, зависно и од историско-општествените услови во матичната средина. Притоа, се доаѓа до заклучокот дека станува збор за интерлитерарен дијалог кој се одвива меѓу две литератури и култури со различна конфесионална и јазична припадност, но кои сепак припаѓаат на еден заеднички цивилизациски систем, како дел од единствениот културен регион, со корени во античката, христијанската и медитеранската културна традиција.




**МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ВО XV ВЕК**
**Маја Јакимовска Тошиќ**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 21см
Број на страници 342
ISBN 9989-886-32-6
Цена 300,00 ден.

Во книгата проследувањето на севкупниот книжевен и духовен живот низ една од најпреломните епохи на балкнските простори - петнаесеттот век има за цел да даде нов поглед врз развојните текови и книжевните појави од овој период на македонското средновековие. Книжевноста создавана во XV век претставува продукт на карактеристичните општествено-политички, духовни и културолошки прилики, кои ја одредуваат конкретната историска рамка на периодот. Затоа, во книгата како суштинско се наметнува прашањето за идентификација на најистакнатите книжевни дејци и продуцираните книжевни дела, кои и даваат полно обележје на епохата. Оваа преводна литературна продукција, актуелна за своето време, се одликува со тематско и жанровско разнообразие, а појавите на книжевниците во разновидните книжевни остварувања соодветствуваат на културниот и општествениот развој карактеристичен за македонскиот простор од овој период.




**СПИРО ИВАНОВ: ПРИКАЗНИ ОД СЕЛО ЦРСКО -**
**Марко Китевски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 24см
Број на страници 210
ISBN 9989-886-24-59
Цена 300,00 ден.

Зборникот содржи 24 македонски народни приказни сите запишани од Спиро Иванов, во тоа време жител на Софија. С. Иванов е роден во село Црско, Кичевско и приказните се запишани на говорот од овој крај. Овие приказни се запишани и објавени на иницијатива на Ефтим Спространов, тогаш уредник во Зборник за народни умотворенија во Софија. Спространов го познавал Спиро Иванов како раскажувач со богат репертоар и го наговорил да ги запише приказните што ги знаел од детството. Овие приказни спаѓаат меѓу најубавите македонски народни приказни, а Спиро Иванов меѓу најталентираните раскажувачи и запишувачи на македонски народни умотворби.



**ЧИНГОВАТА АПАРТНА ПОЕТИКА - Јасмина Мојсиева Гушева**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 21см
Број на страници 312
ISBN 998-98-8623-7
Цена 300,00 ден.
Предмет на истражување на оваа студија е феноменот на уметничкото дело на Живко Чинго претставен преку теорија-та на литературата и различните интерпретативни стратегии кодифицирани од страна на мноштво егзегетски школи. Во истражувањето на одделните аспекти на оваа тема се инте-грирани и искуствата од психологијата, социологијата, гносе-ологијата, теоријата на рецепцијата, херменевтиката, структу-рализмот и постструктурализмот.




**МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА ТРАДИЦИЈА - Ѓорги Поп Атанасов**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 24см
Број на страници 200
ISBN 9989-886-25-3
Цена 300,00 ден.

Книгата содржи сознанија кои се резултат од истражувањата во текот на подолг временски период, не само во македон-ските ракописни збирки, туку и во ракописните збирки во други земји во кои се чуваат книжевни споменици од македон-ската провениенција.




**МОЈА ЗЕМЈА - Јованка Стојановска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 21см
Број на страници 377
ISBN 9989-886-30-Н
Цена 300,00 ден.

Монографијата опфаќа 23 научни прилога за истакнати дејци од македонскиот книжевен 19 и 20 век: Константин и Димитрија Миладиновци, Ѓорѓија Пулевски и Димитрија Чуповски, Григор Прличев, Војдан Чернодрински, Анѓелко Крстиќ, Томо Смиљаниќ Брадина, Асен Каваев, Ристо Крле, Васил Иљоски, Антон Панов, Јован Д. Костовски, Кочо Рацин, Никола Ј. Вапцаров, Ѓорѓи Абациев, Коле Неделковски, Воислав И. Илиќ, Владо Малески, Димитар Митрев, Миодраг Друговац, Блаже Конески. Вториот дел од книгата ја опфаќа книжевната критика, а во третиот дел се поместени библиографиите на д-р Томо С. Брадина, проф. д-р Воислав И. Илиќ и проф. д-р Миодраг Друговац.




**СТАРОГРАДСКАТА НАРОДНА ПЕСНА ВО МАКЕДОНИЈА**
**Ленка Татаровска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 24см
Број на страници 136
ISBN 9989-886-33-4
Цена 300,00 ден.

Книгата е посветена на старроградската народна песна во Македонија, односно на проблемите на граѓанската народна поезија во рамките на нејзиното книжевно-историско, социјално и културно значење на територијата на Балканот и пошироко. Имено, станува збор за рецепцијата на овој вид поезија во јужнословенски и европски контекст, за потеклото и најстарите македонски записи кои датираат уште од средниот век. Се зборува и  за неминовните процеси на проникнувања на усната и книжевната традиција, колку испреплетени толку и одделни, но и двата подеднакво одлучувачки при оформувањето на овој книжевно-историски феномен. На крај е даден и антологиски избор на македонските старроградски народни песни.




**РОД И ПОРОД - Васил Тоциновски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2001
Димензии 21см
Број на страници 330
ISBN 9989-886-17-2
Цена 300,00 ден.

Во забрзаниот развиток на македонската литература во периодот меѓу двете светски војни се освојуваат сите книжевни жанри и видови, на голема врата во литературата се внесува новата, македонска тематика и таа се создава на македонски литературен јазик. Така на најуверлив начин се потврдуваат традицијата и континуитетот на нејзината опстојба. Кирил Манасиев (1909, Гевгелија - 1936, Софија) секако претставува едно од најинтересните и оригинални творечки имиња и по човечката судбина и драма и по естетските вредности на книжевното дело создавано во еден прекраток временски период. Авторот првпат и опстојно го следи животот на Манасиев, го коментира и го вреднува неговото поетско, прозно и драмско творештво и неговата бележита општествена и културна дејност во круговите на македонската напредна емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни.

**АЛЕГОРИЈАТА, ГРОТЕСКАТА И МАКЕДОНСКИОТ РОМАН**
**Лорета Георгиевска Јаковлева**
Институт за македонска литература, Скопје, 2002
Димензии 20см
Број на страници 270
ISBN 9989-886-37-7
Цена 300,00 ден.




Книгата претставува оригинален придонес кон теоријата на алегоријата, како и сублимиран преглед на теоријата на гротеската. Посебно внимание се посветува на хибридизацијата на алегоријата, гротеската и фантастиката. Терминот „тип уметничко претставување“ се проширува на поимите алегорија и гротеска и тие, заедно со фантастиката се одредуваат како сродни. Сродноста се гледа во „отстапката од нормата“, па токму затоа нивната фрекфентност се зголемува во периоди на „воведување на новото“. Сознанијата се аплицирани врз материјал од современиот македонски роман.



**ОРИГИНАЛНИТЕ КНИЖЕВНИ СОСТАВИ ВО МАКЕДОНСКИОТ XV ВЕК**
**Маја Јакимовска Тошиќ**
Институт за македонска литература, Скопје, 2002
Димензии 21см
Број на страници 250
ISBN 9989-886-45-8
Цена 300,00 ден.

Петнаесеттиот век, со кој се означува почетокот на доцното средновековие, се одликува со свои книжевни тенденции и развојни определби. Оригиналните книжевни остварувања ги откриваат основните насоки во духовниот развој на епохата, а преку активностите на интелигенцијата од периодот на XV век се изведува суштината на новиот културен модел, кој останува валиден за нашата култура до крајот на XVIII век. Во книгата оригиналните состави се пројавуваат проследени во разновидни жанровски форми: хагиографски текстови, химнографски, ораторско-прозни, историско-летописни, белетристички и други пократки оригинални состави од типот на записите.




**СТУДИИ ЗА МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР -**
**Марко Китевски**
**Институт за македон**ска литература, Скопје, 2002
Димензии 21см
Број на страници 160
ISBN 9989-886-36-9
Цена 300,00 ден.

Во книгата се објавени дванаесет трудови од областа на македонскиот фолклор: Придонесот на народното творештво во будењето на националната свест кај Мекедонците, Светителите пустиножители во македонските народни преданија и легенди, Местото на фолклорот во макропроектот „Историја на културата во Македонија“, Крсте Петков Мисирков и македонскиот фолклор, Интересот на руските научници за македонскиот фолклор, Македонскиот фолклор меѓу двете светски војни, Ликот на Марко Крале во македонската народна поезија, Рацин и фолклорот, Балканските и Првата светска војна во народните умотворби, Македонски народни празници и обичаи, Македонски празнични обредни песни, и Магија за љубов.




**МАКЕДОНСКО - СРПСКИ И СРПСКО - МАКЕДОНСКИ КНИЖЕВНИ ВРСКИ (1945-1990) -**
**Јасмина Мојсиева Гушева**
Институт за македонска литература, Скопје, 2002
Димензии 24см
Број на страници 350
ISBN 9989-886-39-3
Цена 250,00 ден.

Публикацијата претставува библиографија поделена во две основни групи Рецепција на македонската книжевност во Србија која е поделена на: Библиографија на преводи (поезија, реасказ, роман, драма, детска литература, народна литература, избори, дневници хуморески) и Библиограгија на книжевна критика и есеистика (книжевна критика, книжевна историја) и групата Рецепција на српската книжевност во Македонија поделена на истите подгрупи.




**ВРЕМЕ МИНАТО И СЕГАШНО - Васил Тоциновски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2002
Димензии 21см
Број на страници 262
ISBN 9989-886-35-0
Цена 300,00 ден.

Во поднасловот на книгата се назначува дека станува збор за книжевно-историски студии кои се посветени на актуелното прашање за дводомните писатели. Станува збор за Македонци и за нивните трагични судбини низ многуте војни, делби и преселби кои се образувале и живееле во туѓи средини, па оттука и неминовно нивното книжевно дело било реализирано во туѓојазичен израз. Но нивна единствена тема била историјата, судбината и иднината на татковината Македонија. За неа војувале и со оружје и со пишан збор авторите за кои Тоциновски отвора нови страници и значења: Арсени Јовков, Димитар Г. Молеров, Кочо Молеров, Сребро Јанакиев, Владимир Ковачев, Никола Х. Дренков, Атанас Трендафилов и Ангел Каратанчев. И во оваа своја книга авторот истражувач приопштува неколку нови и непознати творечки имиња со трајни книжевни вредности во летописот на новата и современа македонска литература.




**АВТОБИОГРАФИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН 19 ВЕК**
**Наташа Аврамовска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2004
Димензии 20см
Број на страници 201
ISBN 9989-886-47-4
Цена 300,00 ден.

Уводното поглавје ги проследува историските околности и теориските претпоставки на профилирањето на автобиографијата како литературен жанр на почетокот на 19 век во европските литератури. Во засебни поглавја проследени се првите автобиографски појави во македонската литература во првата половина на 19 век (Пејчиновиќ, Цинот), како и во последните две

децении од векот кога во македонската литература автобиографијата се профилира како раскажувачки жанр, а авторскиот потпис се легитимира во контекстот на „народното дело“ и „страдалничката исповест“ (Г.Прличев, Марко, Цепенков, Натанаил Кучевишки, Зафир Белев, Коне Самарџиев и др.) Завршно осветлени се историските претпоставки на згаснувањето на актуелноста на овој сведошен жанр во Илинденскиот период.




**ЛИТЕРАТУРНОТО ДЕЛО НА ЕФТИМ СПРОСТРАНОВ**
**Валентина Миронска-Христовска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2004
Димензии 21см
Број на страници 336
ISBN 9989-886-40-7
Цена 300,00 ден.

Евтим Спространов (1867-1931) литерат, лингвист, фолклорист, етнограф, археограф, публицист, преведувач, историчар односно хроничар на времето во кое живеел, запишувач и толкувач на По македонските работи. Исписот на неговиот живот е заснован врз неговите сведошни (автобиографски) записи, архивски материјали, дневнички записи, биографски и историографски податоци. Неговото литературно дело, кое е сочувано во ракопис во Софиските архиви (БАН и БИА) и кое е расфлано во периодиката од 19 и 20 век, во трудот е презентирано во повеќе поглавја, според жанровската припадност: статии за актуелните општествено-политички прашања; студии односно граматика на охридскиот говор; народни умотворби; детски приказни; патописни белешки; студии за историското минато на градот Охрид; раскази; песни; поеми и дидактичко-морализаторско религиозни записи. Во литературното дело на Евтим Спространов и покрај жанровското богатство, темата е единствена - Македонија. Трудот претставува прво опстојно проследување на животното и литературно дело на охриѓанецот Евтим Спространов, кој заслужува македонската литературна историја да отвори страница за неговото творештво и неговото име да го вгради во македонската литературна традиција.




**ТВОРЦИ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА IX-XVIII ВЕК -**
**Ѓорги Поп-Атанасов, Илија Велев, Маја Јакимовска-Тошиќ**
Институт за македонска литература, Скопје, 2004
Димензии 21см
Број на страници 346
ISBN 9989-886-48-2
Цена 300,00 ден.

Монографски труд со посебни презентирања на автори, преведувачи и препишувачи, коишто се дел од историјата на македонската средновековна книжевност. Книгата е структуирана според периодичниот принцип од развојот на македонската средновековна книжевност: IX-X, XI-XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII век. Пред секој периодичен блок се претставуваат основните карактеристики од развојот на книжевните процеси, по што следи претставувањето на позначајните книжевници. Секој од нив се претставува во посебно обработена истражувачка единица.




**ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА**
**Валентина Миронска-Христовска**
Институт за македонска литература, Скопје, 2005
Димензии 21см
Број на страници 281
ISBN 9989-886-51-2
Цена 300,00 ден.

Во книгата, проследен е општо-културниот, економскиот и националниот развој во Македонија во 19 век. Констатирано е дека тој се одвивал во континуитет и речиси паралелно со европските текови. Најпрвин, проследено е просветителското движење во европски рамки, а потоа неговите текови врамени се во македонското културно наследство. Текстот претставува првичен обид да се систематизираат значајните процеси за просветителскиот период и да се отворат голем број прашања за понатамошно проучување на овој мошне значаен период од македонската историја. Книгата е составена од 15 поглавја: „Просветителството општо културно-политичко движење“, „Појавата на просветителските тенденции во Македонија“, „Улогата на еснафите и на граѓанско-трговскиот слој“, „Развојот на просветата во Македонија преку црковно-училишните општини“, „Борбата за самостојна Македонска црква“, „Дамаскинарската традиција во македонскиот литературен развој“, „Борбата за самостоен македонски литературен јазик“, „Првите македонски учебникари“, „Претставници на просветителската литература“, „Народното творештво белег на националното богатство“, „Печатарската дејност во просветителскиот период“, „Отворање читалишта и библиотеки“, „Театарската уметност во Македонија во 19 век“, „Црковните мајстори носители на просветителската уметност“ и „Музичката култура во просветителскиот период“.

**БАЛКАНСКА САГА - Африм Реџепи**
Институт за македонска литература, Скопје, 2005
Димензии 21см
Број на страници 128
ISBN 9989-886-53-9
Цена 300,00 ден.




Книгата го фундира и критички го заокружува динамичниот романсиерски проект на Луан Старова. Преку семантичкиот и херменевтичкиот метод се потенцираат значењата на структурните елементи на сагата на Старова: „Социемскиот знак-семејство“, „Позицијата на нараторот“, „Наративната категорија-простор“, „Временските медитации“, „Функцијата на глобалните метафори“, „Функцијата на наративните симболи“. Во следниот дел од трудот, авторот се насочува кон гротескната слика на романескната сага, увидувајќи дека токму функцијата на гротесканта слика е една од значајните естетски компоненти на сагата на Старова. Трудот се заокружува со евидентирањето и проследувањето на професионалната рецепција на романескната сага.



**ТВОРЕЧКИОТ ЛИК НА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ**
**Георги Сталев**
Институт за македонска литература, Скопје, 2005
Димензии 24см
Број на страници 295
ISBN 9989-886-50-4
Цена 300,00 ден.

Монографијата открива за првпат кај нас, во една покомплексна целина речиси сé што е истражено и напишано во нашава земја (и делумно во Европа) во врска со авторот на овенчаната поема *Сердарот*. Во трудот даден е широк осврт врз најзначајните реалии што го оформувале и оформиле творечкиот лик на нашиот охридски поет - лауреат од XIX век кој се афирмирал во туѓа средина на немајчиниот јазик, за да биде само за кратко прифатен и набргу речиси сосема отуѓен од грчката литература. За Прличев до појавата на оваа монографија, постојат две вакви дела напишани и објавени во Бугарија и Данска (Топалов и Рајмонд). Основата на овој труд ја сочинуваат покомплетните анализи на сите книжевни дела на Прличев, дури и на „безначајните“ стихови од оставнината. Најголемиот дел е посветен на сé она што содржат научните сознанија по разни прашања и проблеми од животот и делото на поетот, преведувачот, прозаистот, полемичарот Григор С. Прличев.




**СПОРЕДБЕНА СЛАВИСТИКА**
**Соња Стојменска-Елзесер**
Институт за македонска литература, Скопје, 2005
Димензии 20см
Број на страници 218
ISBN 9989-886-54-7
Цена 300,00 ден.

Книгата претставува избор од студии, пишувани во подолг временски период од петнаесетина години, кој илустрира еден сегмент од работата на авторката во Институтот за македонска литература во Скопје. Изборот се концентрира врз теми од областа на книжевната славистика, проучувани со компаративна методологија, и опфаќа првенствено трудови кои произлегле од неколку проекти на Одделението за теорија на литературата и компаративна книжевност при Институт. Тоа се проектите: „Проникнувања помеѓу македонската и светската литература“, „Критичките модели во македонската литература во светлината на светската книжевно-теоретска мисла“ и „Имагологија - сликата на Другиот во современата македонска литература“. Вклученоста на Стојменска-Елзесер во овие проекти со проблеми кои ги зафаќаат македонско-руските, македонско-чешките и македонско-словачките културни и книжевни релации, сведочи за нејзиниот подлабок интерес кон споредбените слвистички истражувања. Книгава е парцијален прилог кон развивањето на оваа проблематика во нашата книжевна наука.




**ПРЕВОДИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ XIX ВЕК**
**Васил Тоциновски**
Институт за македонска литература, Скопје, 2005
Димензии 21см
Број на страници 235
ISBN 9989-886-53-9
Цена 300,00 ден.

Овој монографски труд опстојно и аналитички го проследува преводот како една од најзначајните книжевни и културни дејности во која се вклучени сите најзначајни имиња на македонската литература. Хронолошки проследени се 38 преведувачи кои со приопштувањето на дела од другите книжевни и јазични средини, ја внесоа македонската книжевност во големото семејство на културните народи на Европа. Паралелно со преводот се создавала и новата македонска литература. Авторот низ книжевната ангажираност доследно ги следи и ги коментира и борбите за создавање на посебен македонски јазик (Пулевски, Божигропски) заокружени со книгата на Крсте Мисирков *За македонцките работи*.